Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр. 66/2013 и 114/2014), како и членовите 31, 32 и 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.14/2022 од 20 јануари 2022 година), на седницата одржана ден 16.02.2022 година, го усвои следното:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Денот кога обвинетиот ќе влезе во Казнено поправната установа за издржување на казна затвор, се смета за ден до кога тече рокот за застареност на извршувањето на казната затвор.**

**Екстрадициониот притвор е мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот и времето поминато во екстрадиционен притвор се засметува во издржаната казна затвор и не може да се смета за ден кога започнува извршувањето на казната затвор.**

О б р а з л о ж е н и е

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Битола достави барање СУ.бр.03-22/22 од 21.01.2022 година до Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија во кое е поставено правно прашање: „Дали денот кога осуденото лице е ставено во екстрадиционен притвор во друга држава, а по претходно издадена меѓународна потерница од страна на македонски суд, се смета за ден кога започнува извршувањето на казната затвор на осуденото лице и од тој ден се утврдува дали настапила апсолутна застареност на извршувањето на казната затвор, согласно член 111 став 5 од Кривичниот законик.

Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 31.01.2022 година, расправаше по поставеното правно прашање и констатира дека денот кога обвинетиот ќе влезе во Казнено поправната установа за издржување на казна затвор, се смета за ден до кога тече рокот за застареност на извршувањето на казната затвор.

Екстрадициониот притвор е мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот. Времето поминато во притвор/екстрадиционен притвор, како и секое лишување од слобода во врска со кривично дело, се засметуваат во изречената казна затвор, согласно член 47 став 1 од Кривичниот законик и не може да се смета за ден кога започнува извршувањето на казната затвор.

Имајќи го предвид наведеното, Врховниот суд на Република Северна Македонија смета дека е особено важно донесување на Правно мислење кое ќе помогне на пониските судови во примената на законските одредби од член 111 став 5 од Кривичниот законик, за да се оневозможи неусогласеност со примена на унифициран и посистематичен пристап при постапувањето.

**Оддел за казниви дела**